Република Северна Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ РЕЗЕРВИ
НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ

ГОДИШНА ПРОГРАМА СО ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ РЕЗЕРВИ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ЗА 2020 ГОДИНА

Скопје, декември 2019

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ РЕЗЕРВИ
НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ
Број 02- 1474/3
10.12.2019 година
Скопје

Врз основа на членот 4 ставови (3) и (4) и член 18 алинеја 3 од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08, 35/11, 84/12, 43/14 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19), како и член 14 алинеја 3 од Статутот на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати бр. 02-13/4 од 23.01.2015 година, а во врска со Среднорочната петгодишна програма за формирање на задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, изградба, одржување и купување на складишни капацитети 2016 – 2020 година бр. 42-12991/1-15 од 05.01.2016 година донесена од Владата на Република Македонија, Управниот одбор на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати на Петата редовна седница за 2019 година, одржана на 10.12.2019 година, донесе

ГОДИШНА ПРОГРАМА СО ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА

ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ РЕЗЕРВИ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ

ЗА 2020 ГОДИНА

Институција: Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати

Период: 01.01.2020 – 31.12.2020 година

Вкупна вредност: 1.430.000.000,00 денари, согласно Предлог – Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година

ВОВЕД

1. Основна дејност

Снабдувањето со сурова нафта и нафтени производи претставува многу важно прашање за Европската Унија, имајќи ја предвид концентрацијата на сурова нафта во определени региони и зголемената експлоатација што резултира со намалување на нафтените резерви од една страна и зголемената потрошувачка на нафтени производи во светски размери од друга страна, што придонесува за зголемен ризик од настанување на тешкотии при снабдувањето. Со цел да се одржи високо ниво на безбедност во снабдувањето со сурова нафта и нафтени производи, Европската унија настојува да воспостави интегрирана политика за енергија преку обезбедување на единствени и транспарентни механизми за чување на определено ниво на нафтени резерви во земјите-членки. За реализација на наведената цел во ЕУ беа донесени повеќе директиви со кои се пропишани условите и критериумите за формирање на задолжителни нафтени резерви во секоја земја членка, а кои треба

да соодветствуваат на најмалку 90 дена од остварената просечна дневна потрошувачка во земјата во претходната календарска година.

Во насока на усогласување на македонското законодавство со законодавството на Европската унија, беше донесен Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08, 35/11, 84/12, 43/14 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19), во кој е извршено транспонирање на Одлуката 68/416/ЕЕЗ и Директивите 73/238/ЕЕЗ и 2006/67/ЕЗ.

Со горенаведениот закон формирана е Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати (во понатамошниот текст: Дирекција) која е надлежна за формирање, чување и обновување на задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Република Северна Македонија.

Задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати (во понатамошниот текст: задолжителни резерви) се формираат со цел да се обезбедат услови за интервентно снабдување на пазарот со нафта и/или нафтени деривати, во случај на нарушување на енергетската сигурност предизвикана од пореметувања во снабдувањето од поголеми размери.

Согласно Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати (во понатамошниот текст: ЗЗРННД), задолжителните резерви ќе се формираат постепено според потрошувачката на одделни видови нафтени деривати во претходната календарска година, утврдена со Енергетскиот биланс на Република Северна Македонија. Вкупните количини на задолжителните резерви на секој нафтен дериват кој е вклучен во структурата на нафтените резерви, треба да достигнат ниво кое соодветствува на најмалку 90 дена од остварената просечна дневна потрошувачка на предметниот нафтен дериват во претходната календарска година.

2. Визија, мисија, цели на годишната програма со финансиски план

Усогласувањето на македонското законодавство со законодавството на ЕУ претставува битна претпоставка во процесот на пристапување на земјата кон Европската унија, а транспонирањето на европските директиви од областа на задолжителните нафтени резерви е дел од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ од Поглавјето 3.15. „Енергетика" - подрачје 3.15.1. „Сигурност во снабдувањето." Основната визија е да се постигне висок степен на усогласеност на македонското законодавство со законодавството на ЕУ во секторот енергетика, а со имплементација и операционализација на ЕУ директивите за нафтените резерви, земјата ќе ги исполни домашните и меѓународните обврски по ова прашање.

Задолжителните резерви треба да се формираат на ниво кое ќе овозможи брзо и ефикасно постапување на Владата на Република Северна Македонија во случај на настанување на нафтена криза од поголеми размери, преку пуштање во промет на нафтени деривати од задолжителните резерви без притоа да се предизвика нарушување на пазарот во земјата и без влијание на пазарните цени на дериватите.

Годишната програма со финансиски план за 2020 година ги содржи краткорочните (годишни) приоритети на Дирекцијата, во процесот на формирање, чување и обновување на задолжителните нафтени резерви на земјата, тековните и други работи и активности на Дирекцијата во рамки на надлежностите утврдени со закон и подзаконски акти, како и износите и изворите на финансиски средства за реализација на проектираните активности. Врз основа на член 4 ставовите (3) и (4) од

ЗЗРННД, оваа годишна програма со финансиски план е изготвена во согласност со Среднорочната петгодишна програма за формирање на задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, изградба, одржување и купување на складишни капацитети 2016 – 2020 година, донесена од Владата на Република Македонија, бр. 42-12991/1-15 од 05.01.2016 година (во понатамошниот текст: среднорочна петгодишна програма).

Нафтените резерви се чуваат дисперзирани на територијата на Република Северна Македонија, во изнајмени складишни капацитети кај трговски друштва кои ги исполнуваат законски пропишаните услови и се настојува трендот на складирање и чување на задолжителните резерви на домашна територија да продолжи и понатаму со цел да се овозможи Владата во секој момент да има достапни нафтени резерви за интервенција, по најниски можни трошоци.

Имајќи предвид дека единствената рафинерија во земјата подолг временски период не врши преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати, формирањето и чувањето на задолжителните резерви ќе продолжи да се врши во форма на готови нафтени производи и структурата на резервите ќе биде составена од следните видови на нафтени деривати:

- Моторен бензин - Еуросупер БС 95;
- Дизел гориво - Еуродизел БС;
- Екстра лесно масло ЕЛ-1 и
- Мазут М-1 НС.

Основните цели на оваа годишна програма со финансиски план се:

- Распределба на износот на средства за финансирање на оваа годишна програма утврдени со Предлог-Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, поднесен во собраниска процедура, кој е објавен на официјалната страница на Собранието, по ставки и активности;
- Проекција на видовите, количините и вредноста на нафтените деривати кои ќе бидат предмет на набавка во тековната 2020 година;
- Начинот на складирање и обновување на задолжителните резерви;
- Трошоците за чување и евапорација на задолжителните резерви;
- Контрола на количините и квалитетот на нафтените деривати;
- Зајакнување на административните капацитети на Дирекцијата;
- Започнати и пренесени активности од 2019 година и
- Тековните активности на Дирекцијата утврдени со закон, статут и други акти.

За уредување на проектираните цели, оваа годишна програма е поделена на четири дела, и тоа:

- Дел I Финансиски план за 2020 година
- Дел II Формирање, чување, обновување, контрола и користење на задолжителните нафтени резерви
- Дел III Проектирани активности за реализација на Годишната програма со финансиски план за 2020 година
- Дел IV Завршни одредби

ДЕЛ I
ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2020 ГОДИНА

1. Основ за изработка на Финансискиот план на Дирекцијата за 2020 година

Финансискиот план за реализацијата на оваа годишна програма е изработен врз основа и во рамките на вкупните средства предвидени во Предлог Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, ставка 09007 – Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, во вкупен износ од 1.430.000.000,00 денари.

2. Извори на средства за финансирање на Годишната програма со финансиски план

2.1. Врз основа на член 21 од ЗЗРННД определени се изворите на средствата за финансирање на работата на Дирекцијата, и тоа:

- Надоместок за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати што се плаќа при увоз на нафтени деривати и при производство на нафтени деривати;
- Средства остварени врз основа на меѓународна соработка на програми и проекти;
- Донации од домашни и странски правни и физички лица;
- Фондации и подароци и
- Други извори.

2.2. Основен извор за финансирање на Годишната програма со финансиски план на Дирекцијата за 2020 година е надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати што се плаќа при увоз на нафтени деривати и при производство на нафтени деривати (во понатамошниот текст: надоместок за нафтени резерви). Во периодот на донесување на оваа програма не постојат проекции, понуди или најави за прилив на средства по основ на изворите дефинирани во член 21 став (1) алинеите 2, 3, 4 и 5 од ЗЗРННД.

2.3. Очекуваниот прилив на средства во 2020 година по основ на надоместок за нафтени резерви изнесува 700.000.000,00 денари. Основ за проекција на приливот на финансиски средства во 2020 година претставува реализираниот прилив на средства во 2019 година.

Во вкупниот износ на средства за реализација на оваа годишна програма, врз основа на членот 25 од ЗЗРННД, вклучени се и неискористените средства за финансирање од претходната 2019 година. Врз основа на сметководствената евиденција износот на неискористени финансиски средства во 2019 година изнесува 757.000.000,00 денари.

Со оглед на наведеното, за спроведување на оваа годишна програма се очекува Дирекцијата во тековната 2020 година да има на располагање средства во вкупен износ од 1.457.000.000,00 денари.

3. Пренамена на средства за финансирање на Годишната програма со финансиски план

Дирекцијата може да врши прераспределување на обезбедените средства за поедини активности предвидени во оваа годишна програма со финансиски план за 2020 година, преку:

- Прераспределба на расположливите средства по ставки во рамки на годишната програма со финансиски план за 2020 година и

- Пренамена на средства во рамките на Буџетот на Дирекцијата за 2020 година, Раздел 09007 Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, програма 20.

4. ПРИХОДИ

Средства од самофинансирачки активности 787 1.430.000.000,00 денари.
Вкупно одобрени средства во Буџетот на РСМ за 2020 год. 1.430.000.000,00 денари.

5. РАСХОДИ

5.1. Расходите во висина од 1.430.000.000,00 денари, Програма 20 – Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, се предвидени за следните активности:

5.1.1 Ставка 40 – Плати и надоместоци на вработени ..... 11.000.000,00 денари.

Табела-1

Ставка	ОПИС	Проценета вредност на расходите (денари)	Одобрени средства за расходи во Буџетот на РСМ (денари)
40	Плати и надоместоци за вработени	11.000.000,00	11.000.000,00
401	Основни плати на вработени	8.333.000,00	8.333.000,00
402	Надоместоци за вработени	2.667.000,00	2.667.000,00

5.1.2 Ставка 42 – Стоки и услуги ..... 325.200.000,00 денари.

Табела-2

Ставка	ОПИС	Проценета вредност на расходите (денари)	Одобрени средства за расходи во Буџетот на РСМ (денари)
42	Стоки и услуги	343.000.000,00	325.200.000,00
420	Патни и дневни расходи	2.000.000,00	1.200.000,00
421	Комунални услуги,комуникација и транспорт	4.000.000,00	2.000.000,00
423	Материјали и ситен инвентар	2.000.000,00	1.000.000,00
424	Поправки и тековно одржување	10.000.000,00	9.000.000,00
425	Договорни услуги	321.000.000,00	310.000.000,00
426	Други тековни расходи	4.000.000,00	2.000.000,00

5.1.2.1 Образложение на расходите по ставки од Табела-2 на оваа годишна програма

5.1.2.1.1 Расходите од Ставка 42 - Стоки и услуги, наменети се за секојдневното тековно работење на Дирекцијата, во рамките на обезбедените средства во вкупен износ од 325.200.000,00 денари.

5.1.2.1.2 Расходите во ставките 420 и 421 во вкупен износ од 3.200.000,00 денари, се однесуваат на расходи за патувања во земјата и во странство, комунални услуги, услуги за комуникација и транспорт, расходи за затоплување и набавка на гориво за службените моторни возила.

Во рамките на ставките 420 и 421, во 2020 година предвидени се јавни набавки на разни стоки и услуги и тоа:

- набавка на горива (Еуросупер БС 95 и Еуродизел БС) за службените возила на Дирекцијата;
- телекомуникациски услуги, интернет и други услуги;
- превоз на стоките од задолжителните резерви на територијата на Република Северна Македонија и други договорни услуги.

5.1.2.1.3 Расходите во ставките 423, 424, 425 и 426 во вкупен износ од 322.000.000,00 денари се однесуваат на трошоци за исплата на финансиски надоместок на складиштарите согласно изменетата Уредба за утврдување на висината на надоместокот за чување и евапорација на нафтените деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 123/2019 (2,50 евра за секој складиран метар кубен складиштен капацитет), расходи за физичко обезбедување на објекти и деловни простории, складишни/резервоарски капацитети за потребите на Дирекцијата, набавка на материјали и ситен инвентар, поправка и тековно одржување на службени моторни возила, на објекти, мебел, опрема и машини, за договорни услуги согласно годишниот план за јавни набавки за 2020 година и други тековни расходи.

Во рамките на ставките 423, 424, 425 и 426, во 2020 година предвидени се набавки на разни стоки и услуги и тоа:

- канцелариски материјали, тонери за потребите на Дирекцијата;
- прехрамбени продукти, пијалоци и слично за потребите на Дирекцијата;
- средства за одржување на хигиена во деловните простории на Дирекцијата;
- ситен инвентар, алат и други материјали за поправка;
- осигурување на залихите на нафтени деривати, опремата и имотот на Дирекцијата;
- ангажирање на акредитирано инспекциско тело и акредитирана лабораторија за тестирање и вршење контрола на квалитетот и квантитетот на задолжителните резерви;
- ангажирање на високо стручни лица за безбедно и сигурно управување со складишните капацитети (резервоари, инсталации) "Здуње" - Гостивар и "Врело" – Ваксинце Куманово кои се во сопственост на Република Северна Македонија односно искладиштување, ускладиштување и транспорт на горива од наведените два складишни капацитети;
- поправка, сервисирање и редовно одржување на службените моторни возила;
- информатички услуги за одржување и системска поддршка на информатичката опрема;
- информатички услуги за превентивно одржување на софтверите кои ги поседува и користи Дирекцијата;
- информатички услуги во врска со ажурирање и одржување, редизајнирање и хостирање на веб страната на Дирекцијата;
- сервисирање и поправки на информатичка и друга опрема;
- одржување на хигиена во административно-деловни простории и службени возила;
- финансиско-сметководствени, правно-консултантски, инженерски и градежно-консултантски услуги;
- разновидни услуги за молерисување, за поправка и одржување на инсталации на објекти за потребите на Дирекцијата и/или за потребите на складишните/резервоарските капацитети;

- разновидни услуги за поправка и одржување на мебел и опрема за потребите на Дирекцијата и/или за потребите на складишните/ резервоарските капацитети и
- други непредвидени и неспомнати стоки и услуги согласно потребите на Дирекцијата во 2020 година.

5.1.2.1.4 Во рамките на средствата од ставките од 423 до 425 се предвидува и исплата на пренесените обврски по основ на склучени договори од 2019 година.

Реализацијата на пренесените обврски се однесува пред се на склучени договори со Министерство за одбрана во 2018 година, за физичко обезбедување на два склада за нафтени деривати, за кои е предвидено извршување на услуги во текот на 2019 и 2020 година, како и на склучен договор во 2019 година за осигурување на залихите на задолжителните нафтени резерви и опремата на Дирекцијата.

Исплатата на обврските од овие ставки ќе се врши сукцесивно во текот на 2020 година, односно врз основа на реализирани обврски од страна на носителите на набавките. Расчленето по видови на обврски состојбата е следна:

- За осигурување на залихите на задолжителните нафтени резерви и опремата на Дирекцијата, вкупно 417.908,00 денари (обврска за 6 месеци);
- За осигурување на службените патнички моторни возила на Дирекцијата, вкупно 10.094,00 денари (обврска за 6 месеци) и
- За физичко обезбедување на два склада за нафтени деривати, вкупно 3.420.000,00 денари (обврска за 3 месеци) – склучени договори со Министерство за одбрана врз основа на заклучоци на Владата на Република Македонија.

Реализацијата на пренесените обврски кои се однесуваат на склучени договори и на договори за јавни набавки на стоки и услуги, ќе се врши врз основа на потребите на Дирекцијата, а во рамки на вкупната вредност на набавките утврдена со договори (миење на возила, потрошен канцелариски материјал, средства за хигиена, пијалоци и прехрамбени продукти, сервисирање на возила, образовни и преведувачки услуги, акредитирано инспекциско тело и акредитирана лабораторија) нема прецизни податоци за пренесената вредност, од причина што не може однапред да се предвиди обемот на услугите кои ќе се искористат односно вкупниот обем на набавката, а Дирекцијата нема обврска во целост да ги потроши средствата кои се предвидени во договорите за јавни набавки.

5.1.2.1.5 Во рамките на средствата од ставката 426 (други тековни расходи), се предвидува исплата на трошоци за контрола на нафтени деривати и хемиска анализа на истите, потоа трошоци за репрезентација, трошоци за семинари и конференции, трошоци за објавување на огласи, надоместок за завршна сметка, данок на добивка по годишен даночен биланс и месечни аконтативни даноци по истиот, административни такси и други тековни расходи.

5.2. Ставка 48- Капитални расходи ..... 1.093.800.000,00 денари.

5.2.1. Обезбедените средства за поедини активности предвидени во годишната програма со финансиски план за 2020 година, во Ставка 48 - Капитални расходи, во вкупен износ од 1.093.800.000,00 денари се предвидени за повеќе набавки согласно закон.

Овие средства во зависност од реалните услови при изведбата и динамиката на реализација на набавките, можат да се пренаменуваат помеѓу поедините ставки во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Дирекцијата за 2020 година.

Табела-3

Ставка	ОПИС	Проценета вредност на расходите (денари)	Одобрени средства за расходи во Буџетот на РСМ (денари)
48	Капитални расходи	1.403.000.000,00	1.093.800.000,00
480	Купување на опрема и машини	8.000.000,00	6.000.000,00
481	Градежни објекти	5.000.000,00	2.000.000,00
482	Други градежни објекти	2.000.000,00	1.000.000,00
483	Купување на мебел	2.000.000,00	300.000,00
484	Стратешки стоки и други резерви	1.382.400.000,00	1.082.400.000,00
485	Вложувања и нефинансиски средства	3.500.000,00	2.000.000,00
486	Купување на возила	100.000,00	100.000,00

5.2.2. Во ставката 48 - Капитални расходи од Табелата-3, предвидено е купување на следните стоки и услуги:

1) Набавка на стратешки резерви, односно набавка на Еуросупер БС 95 и Еуродизел БС за задолжителните резерви;
2) Набавка на адитиви за подобрување на одредени параметри на горивата согласно важечките стандарди и Правилникот за квалитет на течните горива кој е на сила, а кои што се складирани во акцизните складови "Здуње" - Гостивар и "Врело" – Ваксинце Куманово кои се во сопственост на Република Северна Македонија;
3) Канцелариска и друг мебел и опрема, информатичка опрема, телекомуникациска, аудио, видео и друга опрема (за потребите на Дирекцијата и/или за складишните/резервоарски капацитети кои ги користи Дирекцијата);
4) Подготвување на проекти за реконструкција и адаптација на деловен и магацински/ складишен простор;
5) Вложувања и нефинансиски средства (набавка на антивирус заштита или друг сличен софтвер, лиценци за Microsoft Office и сл.);
6) Набавка на електричен велосипед за потребите на курирската служба на Дирекцијата.

5.2.3. Во ставката 48 - Капитални расходи предвидени се и расходи за плаќање на Акциза и ДДВ за издадените краткорочни позајмици или за отстапените без надоместок нафтени деривати од задолжителните резерви на државни органи, јавни претпријатија, јавни установи и други правни лица и институции основани од државата што вршат дејност од јавен интерес, како и општините по претходно донесена Одлука од страна на Владата на Република Северна Македонија, а согласно член 9-а од ЗЗРННД.

5.3. Тековни обврски за враќање на надоместок за задолжителни резерви

Врз основа на член 24-ѓ став (2) од ЗЗРННД и член 4 од Правилникот за начинот на враќање на надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија" бр. 65/10 и 44/14), Дирекцијата има обврска да врши поврат на уплатениот надоместок за задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати во случај на извоз на нафтени деривати за кои претходно е уплатен надоместокот.

По овој основ во текот на 2020 година од сметката на Дирекцијата во рамки на трезорската сметка 100000000063095, уплатна сметка 840 182 07085, со приходна шифра 718143 програма 20, континуирано со налози ќе се врши поврат на уплатен надоместок. Исплатата се врши врз основа на претходно донесени решенија од директорот за враќање на уплатен надоместок за задолжителни резерви.

Со оглед на фактот дека нема можност да се предвиди стапката на извоз на нафтени деривати од страна на обврзниците за уплата на надоместок за нафтени резерви, износот на потребни средства за поврат до 31.12.2020 година, не може да се определи во оваа фаза.

6. Прилози и додатоци на програмата

Составен дела на оваа Годишна програма со финансиски план на Дирекцијата за 2020 година е Финансискиот план за работа на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за 2020 година даден во Прилог-1.

ДЕЛ II
ФОРМИРАЊЕ, ЧУВАЊЕ, ОБНОВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ РЕЗЕРВИ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ЗА 2020 ГОДИНА

1. Планирани активности за формирање на задолжителни резерви за 2020 година

1.1. Со оваа годишна програма се уредуваат видовите и количините на нафтени деривати кои се предмет на набавка во текот на 2020 година, како и вкупната вредност на истите во рамки на средствата обезбедени со Предлог-Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

1.2. Согласно Среднорочната петгодишна програма за формирање на задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, изградба, одржување и купување на складишни капацитети 2016 – 2020 година број 42-12991/1-15 од 05.01.2016 година, за набавка на стратешки резерви за 2020 година, предвидени се средства во вкупен износ од 820.000.000,00 денари со вклучен ДДВ, за набавка на: Еуродизел БС во количини до 20.422.138 литри и Еуроспер БС 95 до 2.516.211 литри.

Во Буџетот на Дирекцијата за 2020 година, на ставката 484 - стратешки стоки и други резерви, обезбедени се средства во вкупен износ од 1.082.400.000,00 денари (со вклучен ДДВ). Во оваа годишна програма планирани се набавки на Еуродизел БС и Еуросупер БС 95 во рамките на овие средства, кои ќе се распределат во постапки предвидени согласно годишниот план за јавни набавки за 2020 година.

1.3. Имајќи ги предвид податоците за финансиските средства од точката 1.2. од овој Дел II на оваа годишна програма и Одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт, бр. 02-3632/1 од 02.12.2019 година ("Службен весник на РСМ" бр.247/19), донесена од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги (во понатамошниот текст: РКЕ), која е важечка на денот на подготовката на оваа годишна програма, активностите за формирање на задолжителните резерви во тековната 2020 година, се однесуваат на набавки на:

- Еуродизел БС - во количини до 20.422.138 литри, за кои согласно горенаведената одлука на РКЕ ќе бидат потребни финансиски средства во износ од 873.508.757,00 денари, со вклучен ДДВ и
- Еуросупер БС 95 во количина до 2.516.211 литри, за кои ќе бидат потребни финансиски средства во износ од 104.750.870,00 денари, со вклучен ДДВ.

Согласно погорецитираната Одлука на РКЕ утврдените највисоки малопродажни цени на наведените нафтени деривати изнесуваат:

- За Еуродизел БС цена 42,77264 денари/литар со ДДВ и
- За Еуросупер БС 95 цена 41,63040 денари/литар со ДДВ.

(*Напоменувме дека во прикажните цени не е пресметана акцизата од причина што Дирекцијата е носител на акцизна дозвола, а нафтените деривати ќе се складираат во акцизни складови).*

Во врска со реализацијата на активностите за продолжување на процесот на формирање на задолжителните резерви, Управниот одбор го овластува директорот на Дирекцијата при донесување на поединечните одлуки за јавни набавки на нафтени деривати согласно оваа под-точка 1.3. да врши усогласување на количините на нафтени деривати со важечките цени утврдени од РКЕ, односно со важечката Одлука за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива

за транспорт. Усогласувањето на количините ќе се врши во рамки на финансиските средства наведени во Дел II точка 1.2. на оваа годишна програма, кои остануваат фиксни за време на важноста на оваа програма.

2. Потрошувачка на нафтени деривати во Република Северна Македонија во 2019 година

2.1. Во Табела-4 од оваа годишна програма, прикажана е потрошувачката на нафтени деривати во земјата во 2019 година, согласно Енергетскиот биланс за 2019 година, кој во понатамошниот текст и во табелите е означен како - ЕБ 2019 („Службен весник на Република Македонија„ бр. 243/18), односно со потрошувачка во 2018 година.

Податоците од Табелата 4 се користени како основа за пресметка на нивото на пополнетост на задолжителните резерви во 2020 година.

Табела-4

Вид на нафтен дериват	Единица мера	Годишна потрошувачка во земјата согласно ЕБ 2019 со потрошувачка во 2018 година
Еуросупер БС 95	Литри	135.908.058
Еуродизел БС	Литри	703.685.742
Екстра лесно масло ЕЛ-1	Литри	56.114.597
Мазут М-1 НС	Килограми	52.600.000

3. Проектирано ниво на пополнетост на задолжителните резерви во 2020 година

3.1. Во Табела-5 е содржана проекцијата на пополнетост на задолжителните резерви во случај на целосна реализација на предвидените активности за 2020 година, односно очекуваното ниво на задолжителните резерви изразено во количини и во денови на покриеност на потрошувачката, е пресметано согласно ЕБ 2019 со планирана потрошувачка во 2019 година (со оглед дека ЕБ 2019 е индикативен плански документ). Наведеното проектирање е направено врз основа на проектирана потрошувачка во 2019 година од причина што до денот на изготвување на оваа програма Енергетскиот Биланс за 2020 година не е изготвен од страна на надлежното министерство.

Табела - 5

Вид на нафтен дериват	Единица мера	Состојба на залихи на 04.12.2019 (датум на изработка на годишната програма)	Планирани набавки во 2020 година	Очекувана состојба на залихи на 31.12.2020 година	Предвидена дневна потрошувачка во 2020 согласно ЕБ 2019	Очекувана покриеност во денови на 31.12.2020 година
(1)	(2)	(3)	(4)	(5=3+4)	(6)	(7=5 / 6)
Еуросупер БС 95	лит.	27.636.324	До 2.516.211	30.152.535	366.859	82
Еуродизел БС	лит.	79.122.918	До 20.422.138	99.545.056	1.987.032	50
Екстра лесно масло ЕЛ-1	лит.	10.343.375	0	10.343.375	146.927	70
Мазут М-1 НС	кг.	19.774.499	0	19.774.499	156.986	126

3.2. Врз основа на член 9-а од ЗЗРННД, задолжителните резерви на нафтени деривати може да се користат и во кризни состојби како и во други случаи кога постои итна потреба од нафтени деривати од страна на државни органи, јавни претпријатија, јавни установи и други правни лица и институции

основани од државата што вршат дејност од јавен интерес и општините, за извршување на нивните активности утврдени со закон, во количини кои во текот на календарската година нема да надминуваат 25% од вкупно складираните количини на задолжителни резерви, за секој нафтен дериват одделно, а Владата на Република Северна Македонија ќе одлучува за корисниците, трошоците за испорака, видот, количините и намената на нафтените деривати кои се отстапуваат без надомест.

Согласно горенаведеното, во Табела-6 на оваа годишна програма, дадена е очекувана состојба на задолжителните нафтени резерви заклучно со 31.12.2020 година, во случај на целосно искористување на максималните пропишани 25% од резервите, по дериват, во текот на календарската 2020 година, согласно членот 9-а од ЗЗРННД.

Табела – 6

Вид на нафтен дериват	Состојба на залихи на 04.12.2019 (датум на изработка на Годишната програма)	25% од количините во колона (2), согласно член 9-а од ЗЗРННД	Нова состојба на залихи	Планиран и набавки во 2020 година	Очекувана состојба на залихи на 31.12.2020 година	Дневна проектира на потрош. во 2019 согласно ЕБ 2019	Очекувана покриеност во денови на 31.12.2020 година
(1)	(2)	(3)	(4=2-3)	(5)	(6 =4+5)	(7)	(8 =6/7)
Еуросупер БС 95 (лит.)	27.636.324	6.909.081	20.727.243	2.516.211	23.243.454	366.859	63
Еуродизел БС (лит.)	79.122.918	19.780.729	59.342.189	20.422.138	79.764.327	1.987.032	40
Екстра лесно масло ЕЛ-1 (лит.)	10.343.375	2.585.843	7.757.532	0	7.757.532	146.927	52
Мазут М-1 НС (кг.)	19.774.499	4.943.624	14.830.875	0	14.830.875	156.986	94

3.2.1 Во горенаведената Табела-6, во колона (2) дадени се количините на нафтени деривати од задолжителните резерви согласно книговодствената состојба заклучно со 04.12.2019 година, (како датум на изработка на предметната програма) искажани во литри/килограми.

3.2.2 Во колоната (3) проектирани се количините во износ од 25% по основ на искористување на член 9-а од ЗЗРННД.

3.2.3 Количините на нафтени деривати во колоната (4) претставуваат нова состојба на залихи во кои од почетната состојба прикажани во колона (2) се одземени количините во износ од 25 % прикажани во колона (3).

3.2.4 Во колоната (5) се претставени количините планирани за набавка во 2020 година согласно Годишната програма за 2020 година и истата се однесува на набавка на Еуродизел БС во количина до 20.422.138 литри и Еуросупер БС 95 до 2.516.211 литри.

3.2.5 Колоната (6) претставува очекувана состојба на 31.12.2020 година во која се собрани количините од колона (4) и колона (5).

3.2.6 Во колоната (7) е прикажана проектирана дневна потрошувачка по нафтен дериват во 2019 година, согласно ЕБ 2019 година, со прогноза за планирана потрошувачка во 2019 година.

3.2.7 Колоната 8 претставува очекувана покриеност на 31.12.2020 година изразена во денови во случај да бидат целосно искористени количините од колоната (3).

НАПОМЕНА: Од погореизнесеното, а посебно имајќи ги предвид податоците во колоната (3) од Табелата 6, алармантна е состојбата дека врз основа на членот 9-а Владата на Република Северна Македонија врз основа на донесени одлуки и заклучоци за издавање на нафтени деривати во случаи кога постои итна потреба од нафтени деривати за вршење на надлежности утврдени со закон во рамките на овој член може, односно користи 25% од вкупно складираните количини на задолжителни резерви за секој нафтен дериват одделно. Количините од 19.780.729 литри Еуродизел БС (искажани во Табела – 6, колона (3) ред 2 на оваа годишна програма) се еднакви на количините на Еуродизел БС кои Дирекцијата планира да ги набави во 2020 година, согласно среднорочната програма и во рамки на предвидените средства за реализација на оваа годишна програма. Сите анализи и предвидувања покажуваат дека потрошувачка на ова гориво континуирано расте и се очекува тој тренд на зголемена потрошувачка да продолжи.

Имајќи ја предвид оваа аномалија во ЗЗРННД, во повеќе наврати Дирекцијата укажуваше дека овој процент пропишан во членот 9-а е превисок и предизвикува ретрограден процес во формирањето на задолжителните резерви и истиот треба да биде намален и да изнесува 10%.

Количината која би била отстапена согласно членот 9-а (19.780.729 литри) одговара на околу 9,9 дневна покриеност само на овој нафтен дериват (Еуродизел БС), и доколу истиот од страна на Владата биде и понатаму исползуван во целост во текот 2020 година директно ќе влијае на намаленост на просечната покриеност во денови.

Имајќи ја предвид погоренаведената напомена, уште еднаш Дирекцијата укажува дека доколку се продолжи и понатаму со овој тренд, директно ќе се одрази негативно на извештаите кои Дирекцијата ги доставува до Европската комисија а кои се составен дел на поглавјето 3.15 Енергетика, подрачје 3.15.1 Сигурност во снабдувањето.

4. Начин на складирање и обновување на задолжителните резерви

4.1. Задолжителните резерви се должни да ги чуваат трговските друштва кои поседуваат една или повеќе од следните лиценци: лиценца за вршење на енергетска дејност преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати, и/или лиценца за производство на горива наменети за транспорт со намешување на нафтени деривати и биогорива и/или лиценца за трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, а кои истовремено поседуваат и акцизна дозвола (во натамошниот текст: трговски друштва-складиштари).

По исклучок, дел од задолжителните резерви може времено или трајно да бидат складирани и чувани во земја членка на ЕУ, во случај кога во земјата нем доволно складишни капацитети (резервоари), при што за чување на задолжителни резерви надвор од националните граници, одлука носи Владата.

Со оваа Годишна програма, во текот на 2020 година не се предвидува складирање и чување на задолжителните нафтени резерви надвор од границите на Република Северна Македонија.

4.2. За извршување на активностите за чување и обновување на задолжителните резерви, склучени се писмени договори со важност на неопределено време, помеѓу Дирекцијата и трговските друштва- складиштари кои ги исполнуваат законските услови, и тоа: Лукоил Македонија ДООЕЛ Скопје, Макпетрол АД Скопје и ОКТА Рафинерија на нафта Акционерско друштво Скопје и Супертрејд ДООЕЛ Скопје. Сите потребни измени и дополнувања на договорите се вршат со писмени анекси кон основниот договор.

Во периодот 2014/2015 година Макпетрол АД Скопје одлучил да се откаже од управувањето со два склада за нафтени деривати, и тоа "Здуње" Гостивар и "Врело" Куманово.

Акцизните складови за нафтени деривати "Здуње" и "Врело" се во сопственост на Република Македонија, односно Министерство за одбрана и Агенција за стоковни резерви.

Во овие два склада складирани се значителни количини нафтени деривати од задолжителните резерви и тоа:

- во складот "Здуње", Еуросупер БС 95 во количина од 6.102.212 литри и
- во складот "Врело", Екстра лесно масло ЕЛ-1 во количина од 7.430.108 литри.

Физичкото обезбедување за овие два склада, врз основа на заклучоци на Владата на Република Северна Македонија, доверено е на Министерството за одбрана, односно Армијата на РСМ за што Дирекцијата и Министерството имаат склучено договори.

5. Дислокација на горивата складирани во "Здуње" - Гостивар и "Врело - Ваксинце

За да се избегне било какво нарушување на квалитетот на горенаведените нафтени деривати складирани во предметните складишни капацитети, од причина што подолго време истите не се обновени, Дирекцијата согласно оваа годишна програма за 2020 година ќе изврши обновување на задолжителните резерви по, пат на дислокација на горивата од обата склада "Здуње"-Гостивар и "Врело"–Ваксинце Куманово. Предметните горива ќе бидат дислоцирани во акцизниот склад на ОКТА Рафинеријата на нафта Акционерско друштво Скопје. Откако ќе се складираат во рафинерија, лабораторијата на рафинеријата ќе спроведе активност на подобрување на одредени параметри на горивата имајќи предвид дека врз основа на извршената последна лабораториска анализа (август/2019) кај едното гориво Еуросупер БС 95 складирано во склад Здуње – Гостивар октанскиот број е за една единица намален и наместо 95 октана вредноста на лабораториската анализа покажува 94 октана. Кај другото гориво Екстра лесно масло ЕЛ-1, Yellow маркерот е под дозволената граница што значи дека и кај ова гориво потребна е интервенција. Иако надлежните од ОКТА АД Скопје при последната контрола август 2019 година земаа уредни узорци од горивата и имаат направено соодветна лабораториска анализа на параметрите до изготвување на оваа годишна програма до Дирекцијата не доставија извештај за состојбата на нафтените деривати предмет на анализата како и финансискиот трошок кој би произлегол од нивниот ангажман за уредување на одредените параметри согласно важечките стандарди и Правилникот за квалитет на течните горива кој е на сила.

Досега во поглед на разрешување на ова прашање Дирекцијата се обрати кај повеќе специјализирани компании меѓу кои, Макпетрол АД Скопје компанија која до 2015 година ги управуваше обата склада (Здуње и Врело).

Имено во контекст на нашето барање до компанијата Макпетрол АД Скопје како наш долгогодишен и актуелен складиштар за спроведување на оваа активност, до изготвувањето на оваа годишна програма не покажа посебен интерес за нивен ангажман за спроведување на предметната активност, образложувајќи дека за интервенција во двата склада "Врело" и "Здуње" потребна е коренита интервенција во цевководниот систем.

За безбедно искладиштување на горивата, Макпетрол АД Скопје укажа дека за спроведување на оваа активност немаат доволен број на располагање на слободен стручен тим кој би ја извршил предметната интервенција и едновремено немаат чиста слика за финансискиот трошок кој би произлегол од ваквата интервенција.

За изнаоѓање на решение на предметното прашање Дирекцијата се обиде да исконтактира со повеќе компании специјализирани за предметната проблематика, односно интервенции во нафтоводни инсталации и резервоарски капацитети.

Врз основа на водените разговори со специјализираните компании и извршени посети на складовите за нафтени деривати "Здуње" – Гостивар и „Врело" – Куманово, очекуваме дека ваквите активности ќе продолжат и во текот на 2020 година, се до финално разрешување на предметниот прашање.

Наведените активности ќе предизвикаат финансиски импликации за буџетот на Дирекцијата кои во оваа фаза не можат да се определат.

5.1. Предвидена пресметка на очекувани трошоци за манипулација

Терминот "манипулација" претставува технолошки процес во кој се вклучени високо стручни лица за безбедно и сигурно управување со складишните капацитети (резервоари, инсталации) односно искладиштување, ускладиштување и транспорт на горива.

Очекуваните трошоци за манипулација прикажани се во Табела-7.

Табела-7

Назив на дериват	Количина во литри	Проектирана единична цена (денари/литар)	Вкупен износ во денари
Еуросупер БС 95	6.102.212	0,208	1.269.260,00
Екстра лесно масло ЕЛ-1	7.430.108	0,208	1.545.462,00
		ВКУПНО:	2.814.722,00

5.2. Пресметка на очекувани трошоци за транспорт

Очекуваните трошоци за транспорт прикажани се во Табела-8.

Табела-8

Назив на дериват	Количина во литри	Проектирана единична цена (денари/литар)	Вкупен износ во денари
Еуросупер БС 95	6.102.212	0,5	3.051.106,00
Екстра лесно масло ЕЛ-1	7.430.108	0,5	3.715.054,00
		ВКУПНО:	6.766.160,00

6. Проектирани трошоци за чување и евапорација на задолжителните резерви за 2020 год.

Со новата Уредба за утврдување на висината на надоместокот за чување и евапорација на нафтените деривати од задолжителните резерви ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 123/19) пропишан е новиот начин на уредување на плаќањето на трошоците за чување и евапорација на задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати.

Врз основа на проектирана состојбата на задолжителните резерви кои во 2020 година би биле набавени и складирани кај трговските друштва складиштари на задолжителни резерви, согласно утврдениот надоместок во износ од 2,5 евра/м^3, трошоците за чување и евапорација на задолжителните резерви би изнесувале како во Табелата – 9.

Табела - 9

Вид на нафтен дериват	Просечна зафатнина во ($м^3$)	Месечен износ на надомест за чување и евапорација евро/$м^3$	Вкупно потребни средства на месечно ниво (евра)	Вкупно потребни средства на годишно ниво (евра)
(1)	(2)	(3)	(4=2x3)	(5=4x12)
Еуросупер БС 95	23.244	2,5	58.110	697.320
Еуродизел БС	79.764	2,5	199.410	2.392.920
Екстра лесно ЕЛ-1	7.758	2,5	19.395	232.740
Мазут	16.479	2,5	41.198	494.376
ВКУПНО:	127.245		318.113	3.817.356

Во текот на 2020 година, Дирекцијата предвидува дека просечната состојба на залихите на задолжителните нафтени резерви пресметана во ($м^3$) би изнесувала 127.245 $м^3$. Доколку и во текот на 2020 година се продолжи со плаќање за чување и евапорација по 2,5 евра/$м^3$ вкупните месечни трошоци би изнесувале 318.112,00 евра, односно околу 19.563.919,00 денари, додека на годишно ниво истите би изнесувале 3.817.356,00 евра или пресметано во денари околу 234.767.394,00. Пресметковно е земено дека 1 евро = 61,5 денари.

Напоменуваме дека наведените износи на потребни средства за складирање се варијабилни и истите зависат од промената на количините на нафтени деривати од задолжителните резерви со што се менува и кубната зафатнина на складишен простор.

7. Контрола на квалитетот и количините на задолжителните резерви

Дирекцијата во рамките на своите надлежности и овластувања во 2020 година ќе изврши најмалку 3 (три) квантитативни и квалитативни контрола на задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати складирани кај трговските друштва – складиштари:

- ОКТА Рафинерија на нафта АД Скопје
- Макпетрол АД Скопје
- Лукоил Македонија ДООЕЛ Скопје
- Складот за нафтени деривати во с.Здуње – Гостивар
- Складот за нафтени деривати Врело с.Ваксинце – Куманово
- Супертрејд ДООЕЛ Скопје - склад Скопје и Тетово

Спроведувањето на оваа активност ќе ја изврши контролно инспекциско тело „Макинспект" ДОО кое Дирекцијата го избра со оглас за јавна набавка. Лабораториските испитувања предмет на контролата ќе бидат извршени од страна на акредитираната лабораторија на ОКТА Рафинерија на нафта Акционерско друштво Скопје која исто така беше избрана во постапка за јавна набавка.

ДЕЛ III
АКТИВНОСТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА СО ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2020 ГОДИНА

За реализацијата на обврските согласно оваа Годишна програма со финансиски план за 2020 година, Дирекцијата континуирано ќе спроведува активности од делокругот на јавните набавки, ќе извршува квантитативна и квалитативна контрола на задолжителните нафтени резерви, легислативни активности, доставување на извештаи и други потребни материјали за потребите на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ, како и активности за зајакнување на административните капацитети.

1. Јавни набавки

1.1. За ефективна имплементација и спроведување на оваа годишна програма со финансиски план, координација помеѓу ресорите во Дирекцијата во врска со активностите за формирање, чување и обновување на задолжителните нафтени резерви, како и за непречено извршување на тековните активности на Дирекцијата, во текот на 2020 година ќе се спроведат повеќе постапки за јавни набавки во рамки на вкупните обезбедени средства опишани во Дел I – Финансиски план за 2020 година, од оваа годишна програма.

Одделните постапки за јавни набавки наведени во Дел I од оваа годишна програма, Ставка 42 – стоки и услуги (ставки 423, 424, 425 и 426), како и во Ставка 48 – капитални расходи (ставки 480, 481, 482, 484 и 485) ќе се спроведат на начин и во термини определени во годишниот план за јавни набавки за 2020 година, кој ќе биде донесен од Управниот одбор на Дирекцијата во рокови утврдени со закон. Во годишниот план за јавни набавки детално ќе бидат наведени стоките и услугите предмет на набавка, нивната проценета вредност, вид на постапка како и динамика односно очекуван почеток на секоја поединечна постапка.

2. Контрола и евиденција на задолжителните резерви на нафтени деривати

2.1. Дирекцијата во текот на 2020 година ќе спроведува надзор и контрола на количините и квалитетот на нафтените деривати од задолжителните резерви. Редовните контроли ќе се вршат три пати годишно согласно Процедурата за надзор на задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати бр. 01-339/1 од 06.05.2010 година. Врз основа на укажана потреба, во текот на календарската година може да се вршат и ad hoc контроли на нафтените деривати од задолжителните резерви.

2.2. Во тековната 2020 година година ќе се води и конзистентна и споредлива статистика за нафтените деривати од задолжителните резерви.

3. Легислативни активности

3.1. Советот на ЕУ во 2009 година донесе нова Директива 2009/119/ЕЗ со која ги обврзува земјите членки да чуваат задолжителни нафтени резерви. Во насока на продолжување на процесот на усогласување на македонското законодавство со законодавството на ЕУ, беше донесен нов Закон за задолжителни нафтени резерви - ЗЗНР („Службен весник на Република Македонија" бр. 144/14, 178/14, 199/15, 197/17 и 7/19), во кој беше извршено делумно транспонирање на наведената

Директива, а потполна усогласеност на законскиот текст ќе се постигне со донесувањето на подзаконските акти кои се пропишани со ЗЗНР, а во кои ќе се изврши транспонирање на четирите анекси на Директивата (I, II,III и IV).

Горенаведениот закон требаше да се применува од 01.01.2015 година, но примената беше одложувана во повеќе наврати, а согласно последните измени истиот требаше да отпочне да се применува сметано од 01.01.2020 година. Врз основа на барање на Министерството за финансии направена е законска измена со цел повторно да се одложи примената на новиот ЗЗНР за период од една година, односно истиот да се применува сметано од 01.01.2021 година.

Имајќи предвид дека ЕК донесе Директива (ЕУ) 2018/1581 со која се врши изменување и дополнување на Директивата 119/2009/ЕЗ, се наметнува потреба да се изврши соодветно изменување и дополнување на горенаведениот ЗЗНР.

Освен усогласувањето со европската директива, неопходно е предметниот закон да биде усогласен и со новата домашна легислатива и тоа со одредбите од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 96/19) и Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19).

Измените и дополнувањата на ЗЗНР се неопходни со цел да се постигне висок степен на усогласеност на македонското законодавство со законодавството на ЕУ во секторот енергетика – подрачје сигурност во снабдувањето, како и усогласувањето на домашната легислатива како неопходен услов за непречена имплементација на прописите во пракса.

Со оглед на наведеното во јуни 2020 година, преку Министерството за финансии како овластен предлагач, Дирекцијата ќе стави во процедура Предлог на закон за изменување и дополнување на ЗЗНР.

3.2. Имајќи предвид дека со ЗЗНР е пропишано најдоцна до денот на отпочнување на примената на законот да бидат донесени подзаконските акти, Дирекцијата во текот на 2020 година ќе ги продолжи активностите за подготовка и за меѓуресорско усогласување на следните подзаконски акти:

- Акциски план за формирање на задолжителни резерви;
- Одлука за количината и структурата на задолжителните резерви за тековната година;
- Уредба за начинот на утврдување, пресметување, висината и надоместувањето на трошоците за чување на задолжителните резерви;
- Уредба за начинот за утврдување, пресметување и висината на надоместокот за нафтени резерви, како и содржината, начинот и роковите за достава на податоци за пласманот на нафтени деривати на домашниот пазар;
- План за интервенција во случај на вонредно пореметување на снабдувањето на пазарот со сурова нафта и нафтени деривати, кој е во фаза на подготовка во Министерството за економија во рамки на ИПА програма;
- Правилник за методите и процедурите за пресметка на просечните дневни нето увози и просечната дневна домашна потрошувачка;
- Правилник за формата и начинот на доставување на податоци за состојбата на сопствените залихи и задолжителните и оперативните резерви на месечно ниво;
- Правилник за подготовка и роковите за поднесување на статистички резимеа до Европската комисија, за содржината, формата и начинот на водење на Регистрите за задолжителните и за посебните резерви, како и правилата за подготовка и роковите за поднесување на резимеа од Регистрите за задолжителните и за посебните резерви до Европската комисија и

- Правилник за методите и процедурите за пресметка на нивоата на задолжителните нафтени резерви.

3.3. Подзаконските акти и измените и дополнувањата на законот од подточките 3.1 и 3.2 на оваа програма, треба да обезбедат операционализација на Директивите 2009/119/ЕЗ и (ЕУ) 2018/1581, законитост и ефикасност во функционирањето, управувањето и располагањето со задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати, усвојување на пристап кој веќе е воспоставен во земјите членки на ЕУ, стабилност во обезбедувањето на пазарот со нафтени производи преку доверливи и транспаретни механизми, како и почитување на начелата на внатрешниот пазар и конкуренцијата како основни принципи кои овозможуваат рамноправна положба на стопанските субјекти.

4. НПАА активности

Имајќи предвид дека формирањето и одржувањето на задолжителните нафтени резерви најмалку на минималното ниво пропишано со европските директиви претставува неопходен услов во процесот на пристапување на Република Северна Македонија кон ЕУ, Дирекцијата во тековната 2020 година, во соработка со Секретаријатот за европски прашања и Министерството за економија, тековно ќе ги спроведува обврските согласно НПАА од поглавјето 3.15. „Енергетика" – подрачје 3.15.1. „Сигурност во снабдувањето".

Согласно наведеното, Дирекцијата ќе изготвува и со посредство на Секретаријатот за европски прашања до ЕК ќе доставува редовни (месечни, квартални и годишни) извештаи за нивото и состојбата на задолжителните нафтени резерви, како и извештаи, материјали и презентации за задолжителните нафтени резерви за Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој.

5. Човечки ресурси

Во областа на човечките ресурси во делот на вработувањата се предвидува во текот на 2020 година да бидат реализирани четири (4) нови вработувања и три (3) унапредувања.

Исто така во текот на 2020 година се планира да бидат реализирани и поголем број на обуки за вработените во Дирекцијата и тоа од областа на јавните набавки, сметководството и финансикото работење, како и обуки од областа на човечките ресурси, а средствата што се обезбедени за ова намена се предвидени во ставките 420, 426 од Буџетот на Дирекцијата.

Дел IV
ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. Изменување и дополнување на Годишната програма со финансиски план за 2020 година

1.1. Изменување и дополнување на оваа годишна програма со финансиски план за 2020 година, ќе се врши во случај на промена на вкупниот износ на средствата врз основа на донесен ребаланс на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

1.2. Изменувањето и дополнувањето на оваа годишна програма со финансиски план ќе се врши во иста постапка како и при нејзино донесување.

2. Влегување во сила

2.1. Оваа Годишна програма со финансиски план на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за 2020 година, влегува во сила со денот на донесувањето.

2.2. Согласно член 4 став (4) од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, Управниот одбор го задолжува Директорот на Дирекцијата, во име на УО оваа годишна програма со финансиски план за 2020 година да ја достави до Владата на Република Северна Македонија како материјал за информирање.

Скопје, 10.12.2019 година

Управен одбор на ДЗРННД
Претседател
Исмаил Лума

ПРИЛОГ 1

Финансиски план за работа на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за 2020 година

Финансискиот план за работа е подготвен согласно буџетот на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за 2020 година утврден со Предлог-Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, кој е во собраниска процедура и кој е во вкупен износ од 1.430.000.000,00 денари. Од страна на Дирекцијата за 2020 година беа побарани средства во вкупен износ од 1.457.000.000,00 денари, од кои 700.000.000,00 денари по основ на очекуван прилив на средства од надоместок за нафтени деривати што се плаќа при увоз на нафтени деривати и 757.000.000,00 денари кои се неискористени средства од самофинансирачки активности од 2019 година и кои согласно член 25 од Законот за задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати (ЗЗРННД) ќе бидат пренесени во 2020 година. Трошоците се прикажани на ниво на Дирекција, а не одделно по сектори согласно интерните акти (Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места на Дирекцијата) од причина што текот на активности е меѓусебно поврзан и тоа од планирање и спроведување на јавните набавки за потребите на тековното работење на Дирекцијата (активности во надлежност на Секторот за правни и општи работи), до реализација на плаќањата на фактурите од склучените договори (активности во надлежност на Секторот за финансиски прашања), контрола на квалитетот и квантитетот на нафтените деривати (активности во надлежност на Секторот за комерција, развој, контрола и статистика) и координацијата на целокупното работење на Дирекцијата (во надлежност на канцеларијата за подршка на работата на директорот на Дирекцијата).

При пресметката за специфицираните приходи во делот кој се однесува на реализација во Квартал 4 од 2019 година прикажани се реализираните приходи заклучно со 30.11.2019 година и индикативните приходи за периодот 01-31.12.2019 година согласно реализираните приходи односно уплатениот надоместок во истиот период од претходната 2018 година.

Врз основа на член 24-ѓ од ЗЗРННД заклучно со 30.11.2019 година извршен е поврат на повеќе уплатени средства по основ на надоместок, акциза и ДДВ во вкупен износ од 15.453.578,00 денари. Согласно расположливите податоци дополнително се очекува до моментот на затворање на Трезорската канцеларија Скопје (27.12.2019 година) да биде направен поврат по основ на повеќе уплатен надоместок во износ од 9.000.000 денари.

Планираните износи на одделни расходи се согласно одобрениот буџет на Дирекцијата за 2020 година, во вкупен износ од 1.430.000.000,00 денари. Во рамките на буџетот планирани се расходи во вкупен износ од 1.082.400.000,00 денари за јавна набавка на Еуродизел БС во количина до 20.422.138 литри и јавна набавка на Еуросупер БС 95 во количина до 2.516.211 литри, соодветно по квартали, согласно Среднорочната петгодишна програма за формирање на задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, изградба, одржување на складишни капацитети 2016-2020 година, како и за плаќање на акциза и ДДВ за издадените краткорочни позајмици или за отстапените без

ПРИЛОГ 1

во денари

	1. БИЛАНС НА СОСТОЈБА	ОСТВАРЕНО во 2019 година	ПЛАНИРАНО за 2020 година	ОСТВАРЕНО во 2020 година	Споредбена анализа оств. 2020 година/ оств.2019 година (%)	Споредбена анализа оств. 2020 година/ план. 2020 Година (%)	Структурна Анализа планирано во 2020 година (%)
	АКТИВА						
1	Парични средства	2.440.000.000	1.430.000.000	0	0	0	21,50
2	Побарувања	138.978.040	140.000.000	0	0	0	2,10
3	Залихи	4.241.884.721	5.061.738.273	0	0	0	76,10
4	Краткорочни финансиски средства	0	0	0	0	0	0,00
5	Други тековни средства (АВР)	12.642.248	13.500.000	0	0	0	0,20
6	**Тековна актива** (1 + 2 + 3 + 4 + 5)	**6.833.505.009**	**6.645.238.273**	**0**	**0**	**0**	99,90
7	Материјални средства и вложувања во недвижности	1.612.217	6.335.717	0	0	0	0,10
8	Долгорочни финансиски вложувања	0	0	0	0	0	0,00
9	Нематеријални средства	0	0	0	0	0	0,00
10	Долгорочни финансиски средства	0	0	0	0	0	0,00
11	Други средства	0	0	0	0	0	0,00
12	**Вкупна актива** (6 + 7 + 8 + 9 + 10 + 11)	**6.835.117.226**	**6.651.573.990**	**0**	**0**	**0**	**100**
13	Вонбилансна актива	0	0	0	0	0	0

ПРИЛОГ 1

	ПАСИВА (Обврски и Акционерски капитал)	**ОСТВАРЕНО 2019 година**	**ПЛАНИРАНО за 2020 година**	**ОСТВАРЕНО за 2020 година**	**Споредбена анализа оств. 2020 година/ оств.2019 година (%)**	**Споредбена анализа оств. 2020 година/ план. 2020 Година (%)**	**Структурна Анализа-планирано во 2020 година (%)**
14	Краткорочни обврски	12.642.248	13.500.000	0	0	0	0,20
15	Одложено плаќање на трошоци и приходи (ПВР)	2.578.978.040	1.570.000.000	0	0	0	23,60
16	**Тековни обврски** (14+15)	**2.591.620.288**	**1.583.500.000**	**0**	**0**	**0**	23,81
17	Долгорочни обврски	0	0	0	0	0	0,00
18	Други долгорочни обврски и резервирања за ризици и трошоци	0	0	0	0	0	0,00
19	**Нетековни обврски** (17+18)	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	0,00
20	**Обврски** (16+19)	**2.591.620.288**	**1.583.500.000**	**0**	**0**	**0**	23,81
21	Капитал	4.243.496.938	5.068.073.990	0	0	0	76,19
22	Акумулирана добивка	0	0	0	0	0	0,00
23	Резерви	0	0	0	0	0	0,00
24	Ревалоризациони резерви	0	0	0	0	0	0,00
25	Добивка/ Загуба за деловната година	0	0	0	0	0	0,00
26	**Вкупен капитал**(21+22+23+24+25)	**4.243.496.938**	**5.068.073.990**	**0**	**0**	**0**	76,19
27	**Вкупно Обврски и капитал**(20+26)	**6.835.117.226**	**6.651.573.990**	**0**	**0**	**0**	**100**
28	Вонбилансна пасива	0	0	0	0	0	0

ПРИЛОГ 1

во денари

	2. БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ	ОСТВАРЕНО во 2019 година	ПЛАНИРАНО за 2020 година	ОСТВАРЕНО во 2020 година	Споредбена анализа оств. 2020 година/ оств.2019 год (%)	Споредбена анализа оств.2020 година/план. 2020 Година (%)	Структурна анализа тековна година (%)
29	Приходи од продажба	0	0	0	0	0	0
30	Останати оперативни приходи	2.440.000.000	1.457.000.000	0	0	0	-
31	**Вкупно оперативни приходи**(29+30)	**2.440.000.000**	**1.457.000.000**	**0**	**0**	**0**	-
32	Потрошени суровини и материјали	0	0	0	0	0	0,00
33	Трошоци за вработените	7.996.350	11.000.000	0	0	0	40,74
34	Амортизација на материјални средства	9.778.102	10.703.511	0	0	0	39,64
35	Вредносно усогласување на тековни средства	0	0	0	0	0	0,00
36	Набавна вредност на продадени стоки	0	0	0	0	0	0,00
37	Останати оперативни расходи	1.382.000.000	1.408.296.489	0	0	0	-
38	**Вкупно оперативни расходи** (32+33+34+35+36+37)	**1.399.774.452**	**1.430.000.000**	**0**	**0**	**0**	-
39	**Добивка од оперативно работење** (31-38)	**1.040.225.548**	**27.000.000**	**0**	**0**	**0**	**100,00**
40	Приходи од финансирање	0	0	0	0	0	0,00
41	Расходи од финансирање	0	0	0	0	0	0,00
42	**Добивка пред оданочување** (39+40-41)	**1.040.225.548**	**27.000.000**	**0**	**0**	**0**	100,00
43	Данок на добивка	40.000	43.000	0	0	0	0,00
44	**Нето добивка / загуба**	**1.040.185.548**	**26.957.000**	**0**	**0**	**0**	-

ПРИЛОГ 1

во денари

	3. СПЕЦИФИРАНИ ПРИХОДИ	Квартал 1				Квартал 2				Квартал 3				Квартал 4			
		План 2020	Реализација 2020	Реализација 2019	План / Реал 2020	План 2020	Реализација 2020	Реализација 2019	План / Реал 2020	План 2020	Реализација 2020	Реализација 2019	План / Реал 2020	План 2020	Реализација 2020	Реализација 2019	План / Реал 2020
	Приходи од дејноста																
1	Средства од самофинансирачки активности 787	905.000.000	0	138.972.334	0	175.000.000	0	179.725.090	0	175.000.000	0	213.044.129	0	175.000.000	0	167.839.932	0
2	**Вк. оперативни приходи**	**905.000.000**	**0**	138.972.334	**0**	**175.000.000**	**0**	179.725.090	**0**	**175.000.000**	**0**	213.044.129	**0**	**175.000.000**	**0**	167.839.932	**0**
	Останати приходи	**0**	0		0	0	0		0	0	0		0	0	0		0
3	Останати приходи	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
4	**Вк. останати приходи**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
5	**Вкупно приходи (2+4)**	**905.000.000**	**0**	138.972.334	**0**	**175.000.000**	**0**	179.725.090	**0**	**175.000.000**	**0**	213.044.129	**0**	**175.000.000**	**0**	167.839.932	**0**

На 01.01.2019 година, согласно член 25 од Законот за задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати, пренесени се непотрошени средства од 2018 година од самофинансирачки активности во износ од 1.740.418.515 денари.

На 01.01.2020 година, согласно член 25 од Законот за задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати, а имајќи ја во предвид тековната состојба на сметката за самофинансирачки активности на Дирекцијата се очекува да бидат пренесени непотрошени средства од 2019 година од самофинансирачки активности во износ од 757.000.000,00 денари.

ПРИЛОГ 1

во денари

	4.СПЕЦИФИЦИРАНИ РАСХОДИ	Квартал 1				Квартал 2				Квартал 3				Квартал 4			
		План 2020	Реализација 2020	Реализација 2019	План / Реал 2020	План 2020	Реализација 2020	Реализација 2019	План / Реал 2020	План 2020	Реализација 2020	Реализација 2019	План / Реал 2020	План 2020	Реализација 2020	Реализација 2019	План / Реал 2020
	Тековни расходи																
1	Основни плати на вработени	2.083.000	0	1.423.331	0	2.083.000	0	1.415.475	0	2.083.000	0	1.413.881	0	2.084.000	0	1.547.871	0
2	Надоместоци за вработени	666.000	0	535.454	0	666.000	0	536.913	0	666.000	0	536.309	0	669.000	0	587.116	0
3	Патни и дневни расходи	300.000	0	172.203	0	300.000	0	363.802	0	300.000	0	234.918	0	300.000	0	434.847	0
4	Комунални услуги, комуникација и транспорт	500.000	0	434.639	0	500.000	0	294.413	0	500.000	0	286.758	0	500.000	0	458.790	0
5	Материјали и ситен инвентар	250.000	0	27.004	0	250.000	0	92.214	0	250.000	0	52.134	0	250.000	0	137.183	0
6	Поправки и тековно одржување	3.000.000		1.785.439		2.000.000		1.792.090		2.000.000		1.924.341		2.000.000		1.726.063	
7	Договорни услуги	77.500.000		2.150.655		77.500.000		1.549.489		77.500.000		2.208.202		77.500.000		2.744.805	
8	Други тековни расходи	500.000		253.243		500.000		417.008		500.000		440.073		500.000		769.397	
9	**Вк. тековни расходи** (1+2+3+4+5+6+7+8)	**84.799.000**	**0**	**6.781.968**	**0**	**83.799.000**	**0**	**6.461.404**	**0**	**83.799.000**	**0**	**7.096.616**	**0**	**83.803.000**	**0**	**8.406.072**	**0**
	Капитални расходи																
10	Купување на опрема и машини	3.000.000	0	2.391.244	0	1.500.000	0	2.430.293	0	1.500.000	0	2.375.877	0	0	0	2.651.427	0
11	Градежни објекти	2.000.000	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
12	Други градежни објекти	1.000.000	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
13	Купување на мебел	100.000	0	0	0	100.000	0	0	0	100.000	0	0	0	0	0	0	0
14	Стратешки стоки и други резерви	541.200.000	0	10.222.723	0	541.200.000	0	17.419.644	0		0	438.587.859	0	0	0	894.933.050	0
15	Вложувања и нефинансиски средства	750.000		16.275		750.000				250.000		0		250.000		0	0

16	Купување на возила	100.000		0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
16	**Вк. капитални расходи** (10+11+12+13+14+15)	**548.150.000**	**0**	**12.630.242**	**0**	**543.550.000**	**0**	**19.849.937**	**0**	**1.850.000**	**0**	440.963.736	**0**	**250.000**	**0**	**897.584.477**	**0**
17	**Вкупно расходи** (9+16)	**632.949.000**	**0**	**19.412.210**	**0**	**627.349.000**	**0**	**26.311.341**	**0**	**85.649.000**	**0**	**448.060.352**	**0**	**84.053.000**	**0**	**905.990.549**	**0**

ТРОШОЦИ ЗА ПЛАТИ И ПРИДОНЕСИ	2.749.000		1.958.785		2.749.000		1.952.388		2.749.000		1.950.190		2.753.000		2.134.987	
ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ	20		15		**20**		**15**		**20**		**15**		**20**		**16**	

Амортизацијата на материјалните средства е пресметана на годишно ниво и соодветно е расчленета/прикажана за секој квартал од 2019 и 2020 година.

ПРИЛОГ 1

во денари

	5. СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ФИКСНИ СРЕДСТВА И АМОРТИЗАЦИЈА [1]	СОСТОЈБА за квартал 4 од 2018 година	АМОРТИЗАЦИЈА за квартал 4 од 2018 година	СОСТОЈБА за квартал 4 од 2019 година	АМОРТИЗАЦИЈА за квартал 4 од 2019 година	ПРЕДВИДЕНА АМОРТИЗАЦИЈА за квартал 1 од 2020 година	Процент на промена на основни средства (%)	Процент на промена на амортизација (%)
		1	2	3	4	5	6 (3/1)	7 (4/2)
	МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА							
1	Имот, машини и опрема	11.313.819,00	9.066.834,00	11.390.319,00	9.778.102,00	10.703.511,00	101	108
2	Градежни објекти, станови и деловни објекти	0	0	0	0	0	0	0
3	Мебел и вградување на мебел	0	0	0	0	0	0	0
4	Останати материјални основни средства	0	0	0	0	0	0	0
5	**Вкупно материјални средства** (1 + 2 + 3 + 4)	**11.313.819,00**	**9.066.834,00**	**11.390.319,00**	**9.778.102,00**	**10.703.511,00**	**101**	**108**
	НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА							
6	Дадени аванси	0	0	0	0	0	0	0
7	Права	0	0	0	0	0	0	0
8	Гудвил	0	0	0	0	0	0	0
9	Трошоци за истражување и развој	0	0	0	0	0	0	0
10	Други нематеријални средства	0	0	0	0	0	0	0
11	**Вкупно нематеријални средства** (6 +7 + 8 + 9 + 10)	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
12	**Вкупно средства** (5 +11)	**11.313.819,00**	**9.066.834,00**	**11.390.319,00**	**9.778.102,00**	**10.703.511,00**	**101**	**108**

[1] Овој преглед се доставува за секој Квартал поединечно

	6. ПРЕГЛЕД НА КРЕДИТИ	ИЗНОС на основица	ИЗНОС на камата	Каматна стапка	Износ на месечен ануитет	Вкупно исплатено	Преостанат долг	Преостаната камата	Времетраење (од - до, Вк. години)
	КРАТКОРОЧНИ КРЕДИТИ								
1	Кредит 1 Банка А	0	0	0	0	0	0	0	0
2	Кредит 2 Банка А	0	0	0	0	0	0	0	0
3	Кредит 3 Банка Б	0	0	0	0	0	0	0	0
4	Кредит 4 Банка В	0	0	0	0	0	0	0	0
5	**Вкупно краткорочни кредити** (1 + 2 + 3 + 4)	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
	ДОЛГОРОЧНИ КРЕДИТИ								
6	Кредит 1 Банка А	0	0	0	0	0	0	0	0
7	Кредит 2 Банка А	0	0	0	0	0	0	0	0
8	Кредит 3 Банка Б	0	0	0	0	0	0	0	0
9	Кредит 4 Банка В	0	0	0	0	0	0	0	0
10	**Вкупно долгорочни кредити** (6 +7 + 8 + 9)	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
10	**Вкупно** (5 +10)	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**

во денари

7. ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ	2020 година		
	План[1]	Реали-зација [2]	Промена (%)
Тековна актива	6.645.238.273	0	0
Тековни обврски	1.583.500.000	0	0
Вкупно приходи од дејноста	1.457.000.000	0	0
Вкупно приходи	1.457.000.000	0	0
Вкупно расходи од дејноста	1.430.000.000	0	0
Вкупно расходи	1.430.000.000	0	0
Трошоци за плата	11.000.000	0	0
Просечен број на вработени	20	0	0
Вкупно трошоци за кредити	0	0	0
Резерви	0	0	0
Капитал	5.068.073.990	0	0
Добивка / Загуба	27.000.000	0	0
Вкупно материјални средства	6.335.717	0	0
Вкупно нематеријални средства	0	0	0
Вкупно средства	6.335.717	0	0

[1] Се пополнува при подготовка на Годишна програма за работа
[2] Се пополнува при доставување на Квартален извештај за работа

Управен одбор на ДЗРННД
Претседател
Исмаил Лума